Инфекции - габични



# Беловина (кандида) кај бебињата

## Важни работи

- Беловина во устата може да се јави како последица од користењето на антибиотици
- Беловината се појавува на кожа што е веќе воспалена
- Внимателно исушете ги наборите на кожата по капењето
- Избегнувајте да користите најлонски гаќички или пелени секогаш кога е тоа можно
- Лекувањето на беловината на кожата може да опфаќа и кортизонски кремови и специфични препарати против беловина што ќе ги препише лекар
- Кога беловината се јавува во устата, постојат желеа или капки против беловина
- За да се спречи појавата на беловина на деловите од телото што се во допир со пелените
  - често менувајте ги пелените
  - измијте ги и внимателно исушете ги деловите од телото што се во допир со пелените
  - заштитете ја кожата на ципите и деловите од телото што се во допир со пелените со средство за спречување на влагата, како што се кремовите што содржат парафин или цинк

## Што е тоа?

Кандидата или беловината е честа инфекција на кожата предизвикана од габата кандида албиканс. Таа расте на топли и влажни места како што се устата (орална кандида), наборите на кожата кај ципите, околу задникот, или понекогаш под пазувите.

Во устата таа предизвикува една или повеќе бели и ронливи наслаги што се придружени од црвенило. Најчесто ја зафаќа внатрешната страна на образите, но понекогаш може да се јави и на венците, на непцето (горниот внатрешен дел на устата) или на јазикот.

Беловината се јавува длабоко во наборите на кожата како што се ципите, или околу задникот. Потоа се шири надолу по бутовите, надвор од површините каде што кожата се допира со кожа. Не се случува кај нормална кожа, па затоа обично претходно постоело воспаление на кожата (дерматитис) кое се инфицирало со габата кандида. Тоа многу често се случува во пределот на телото каде што кожата доаѓа во допир со пелените, кој е топол и влажен. Инфицираната кожа на око е светната и црвена, а може и да се лупи на рабовите, додека надвор од наборите на кожата се шират мали дамки.

## Што ја предизвикува?

Кандидата ја има, без да предизвикува никакви проблеми, во устата на 20% од општото население. Ако дојде до промени во локалните услови, како што е употребата на антибиотици, кандидата може да почне претерано брзо да се множи и да расне. Остатоците од храна во устата, вклучувајќи ги оние од зашеќерени пијалоци и млеко, исто така може да придонесат да се развие инфекција со кандида во устата.

Влагата и топлината во превоите (наборите на кожата), особено ако има и дерматитис, може да ја зголеми веројатноста од појава на кандида на кожата. Ако се развие кандида на местата претходно заболени од дерматитис во превоите, користењето на кортизонски крем без истовремено користење и на лекови против кандида може да придонесе состојбата со кандидата да се влоши уште повеќе.

## Како се лекува?

Специфичното лекување на кандидата се состои од кремови за деловите од телото што се во допир со пелените, како и на желеа и капки за устата. Кремовите може да се препорачаат заедно со благ кортизонски крем за сите видови на дерматитис што е застапен. Ако мајката има кандида на вагината или на брадавиците, ќе треба и нејзе да ја лекува лекар.

Општите мерки за да се помогне спречувањето на условите во кои кандидата расте вклучуваат:

- прекинување на антибиотиците колку што е можно поскоро
- внимателно сушење на сите набори на кожата по капењето
- користење на лабави алишта за да се избегне претераното загревање
- соодветен третман на било каква претходна појава на дерматитис или на јадеж што се јавува поради употребата на пелени

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

***Други информативни листови во врска со ова:*** *Воспаление на кожата/Беловина (кандида) на брадавиците на дојките*

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.